Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 19 март 2025 година**

**Скопје, март 2025 година**

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 19 март 2025 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија, што се одржа преку видео - конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 18:05 часот.

Со седницата претседаваше Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт.

На седницата учествуваа, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

Од седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади.

На седницата учествуваа и Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Репубика Северна Македонија, м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Прашања и предлози

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

*

*  *

**Точка 1**

Владата во врска со Одлуката за определување на Денови на жалост и погребот на настраданите во пожарот во дискотеката „Пулс“, во Кочани, кој ќе биде извршен на 20 март 2025 година (четврток), ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжуваат државните институции, а се препорачува на локалната самоуправа и работодавачите од приватниот сектор, да ги ослободат од работа и работни обврски сите вработени на подрачјето на Кочани, а здравствените установи, образовните установи и установите за згрижување и воспитување на децата (градинки), да организираат вршење на услуги согласно потребите.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе потребните безбедносни и сообраќајни мерки.

3. Се задолжува Министерството за здравство, во соработка со Центарот за управување со кризи и Црвениот крст, да обезбеди амбулантни возила.

4. Се укажува на Територијалната противпожарна единица-Кочани да преземе мерки и активности, согласно своите надлежности.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 18.10 часот.

| | |
|---|---|
| Генерален секретар на Владата<br>на Република Северна Македонија | Заменик на претседател на Владата<br>на Република Северна Македонија |
| Игор Јанушев | Александар Николоски |

Подготвил:м-р Марија Арсова – Лазаревска, советник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор